

# ЕКОНОМСКИ ПРИДОБИВКИ И ПРЕДИЗВИЦИ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО

Институт за европска политика. Скопје

Република Македонија
Министерство за одбрана

# ЕКОНОМСКИ
# ПРИДОБИВКИ И ПРЕДИЗВИЦИ
# ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО

# Економски придобивки и предизвици од членството во НАТО

ИЗДАВАЧ:
ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ

УРЕДНИЦИ:
м-р ИСМАИЛ КАМБЕРИ
ДАРКО МАЛИНОВСКИ

АВТОР:
м-р ИВАНА ВЕЛКОВСКА

ЛЕКТОР:
ДЕЈАН ВАСИЛЕВСКИ

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ:
РЕЛАТИВ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.171.071.51(100-622НАТО:497.7):330.34(497.7 )(047.31)

ВЕЛКОВСКА, Ивана
Економски придобивки и предизвици од членството во НАТО / [автор Ивана Велковска]. - Скопје : Институт за европска политика, 2018. - 25 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 25

ISBN 978-608-4702-38-2

а) Македонија - Зачленување - НАТО - Економски придобивки - Истражувања
COBISS.MK-ID 109272074

Ова истражување е објавено во рамките на проектот Граѓанска дебата за НАТО, кој го спроведува Институтот за европска политика - Скопје, со финансиска поддршка од Министерството за одбрана на Република Македонија. Ставовите изнесени во истражувањето се ставови на авторот и не ги одразуваат ставовите на Институтот за европска политика - Скопје и Министерството за одбрана на Република Македонија.

# СОДРЖИНА

Вовед.....5
Буџетски импликации од членството во НАТО.....7
Компаративна анализа на економски индикатори.....11
Доброто владеење и економскиот раст.....16
Заклучок.....24
Користена литература.....25

# Вовед

Пристапувањето кон НАТО е едно од најактуелните политички прашања во Македонија во последната година. Иако тоа е прашање за кое одамна постои национален консензус,[1] во овој период, поради изминатиот референдум и спорот со името со Грција,[2] членството во НАТО често е предмет на несогласувања и шпекулации во јавноста. Освен геополитичките и безбедносните аспекти, како застапниците, така и противниците на влезот во Алијансата често ги коментираат и потенцијалните економски последици. Дилемите за тоа колку дополнителни буџетски средства ќе треба да се издвојуваат за одбрана при евентуалниот влез во НАТО и што како потенцијална земја-членка би добиле на економски план се важни прашања кои треба темелно да се анализираат, а одговорите од нив да придонесат кон зајакнување на граѓанската дебата за НАТО заснована на јасни и проверливи податоци.

Македонија во јули 2018 година доби официјална покана[3] за почнување преговори за членство во Алијансата под услов да ја имплементира Преспанската спогодба за спорот со името.[4] Во ова истражување, пред сè, ќе бидат анализирани потенцијалните буџетски давачки за одбрана на Македонија при членство во НАТО. Дополнително, истражувањето ќе направи осврт на неколку значајни економски индикатори за Бугарија, Хрватска, Албанија, Црна Гора и Романија – земји од регионот што се членки на НАТО, кои спаѓаат во групата на средноразвиени земји и се споредливи со Македонија според своите политички и економски карактеристики. Споредбата ќе се одвива преку анализирање на следните индикатори за петгодишниот период пред и по влезот во НАТО за секоја од разгледуваните земји: бруто домашен производ, нето влезни странски директни инвестиции, стапка на невработеност, како и глобалниот индекс на конкурентност, што е показател за развиеноста на приватниот сектор. Унифицираноста и континуитетот во статистичките податоци ќе се обезбеди преку користење на базата на податоци на Светската банка и извештаите за глобалниот индекс на конкурентност, што секоја година ги изготвува Светскиот економски форум. Врз основа на наодите од компаративната анализа, ќе се изведат заклучоци за реалните очекувања за економијата во Македонија при евентуалниот влез во НАТО. Како извор на примарни податоци, спроведени се три интервјуа за конкретното тесно прашање со експерти од академската заедница, бизнис-секторот и извршната власт со цел да се утврдат нивните ставови и очекувања за економските последици од потенцијалниот влез на Македонија во НАТО. Во третото поглавје на овој труд се анализира промената на нивото на доброто владеење во петте години пред и по влезот во НАТО преку анализирање на индикаторите на Светска банка за добро владеење за Албанија, Хрватска, Црна Гора, Бугарија, Романија и Македонија и се прави преглед на постојната литература за економските ефекти од доброто владеење.

---

1 Национален документ – Одлука на Собранието за стапување на Македонија во членство на НАТО, (23.12.1993), Собрание на Р. Македонија, линк: http://nato.mk/wp-content/uploads/2018/05/4.-%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5.pdf, посетено на 14.10.2018 година.

2 Грчкото вето што се должеше на нерешениот спор со името беше пресудно за неуспешниот обид за интеграција на Македонија во НАТО на Букурешкиот самит во 2008 година. Три години подоцна, Меѓународниот суд на правдата пресуди дека Грција ја прекршила Времената спогодба во која се обврзува да не се спротивставува на приемот на Македонија во меѓународните организации под привремената референција. Економските последици од спорот почнаа со ембаргото во 1994-1995 година, што за двете години ја чинеше македонската економија околу 14% од БДП, но продолжија и низ многуте години на политичка и економска нестабилност што, меѓу другото, беше предизвикана и од спорот со името. Извори: https://www.reuters.com/article/us-nato-macedonia/greece-stands-by-nato-veto-threat-for-macedonia-idUSL0238277320080402, посетено на 05.11.2018 година; https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/vremena-spogodba-1995.pdf, посетено на 05.11.2018 година; Markovic, N.; Nikolov, M. (2017), “Aspects of the Name Dispute Between Macedonia and Greece: Symbols, Conflict and Economic Costs”, CEA Journal of Economics, Vol. 2, стр. 11.

3 NATO formally invites Macedonia to join Alliance (2018), Reuters, линк: https://www.reuters.com/article/us-nato-summit-declaration/nato-formally-invites-macedonia-to-join-alliance-idUSKBN1K12AR, посетено на 05.11.2018 година.

4 Конечна спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 г. и воспоставување на стратешко партнерство помеѓу страните (2018), Влада на Р.М., линк: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/konechna_spogodba_makedonija_grcija.pdf, посетено на 22.11.2018 година.

Согласно горенаведеното, во трите поглавја што следуваат, овој труд дава одговор на три клучни прашања за потенцијалните економски ефекти од членството на Македонија во НАТО: 1) Кои се буџетските импликации за Македонија, доколку стане членка на НАТО; 2) Дали може да се очекува зголемување на бруто домашниот производ, нето влезните странски директни инвестиции и глобалниот индекс на конкурентност, а намалување на стапките на невработеност како позитивни промени во македонската економијата како директна последица на членството во НАТО; 3) Дали земјите во НАТО имаат повисоки нивоа на добро владеење и дали доброто владеење придонесува за позитивни промени во економија. Фокусирајќи се на овие три прашања во истражувањето, т.е. дали може да се тврди дека влезот во НАТО е или не е причина за промените во анализираните економски индикатори и индикаторите за добро владеење, оваа анализа не нуди поединечно анализирање на сите можни фактори што придонеле за промените во овие земји по однос на горенаведените индикатори, што може да биде предмет на понатамошни опсежни квалитативни и квантитативни анализи.

# Буџетски импликации од членството во НАТО

Финансирањето на НАТО се одвива преку (1) директно финансирање на НАТО-буџетите и (2) индиректно финансирање преку поединечните национални буџети за одбрана. Буџетот на НАТО[5] се состои од следните посебни буџети:

- Воен буџет на НАТО;
- Цивилен буџет на НАТО; и
- Инвестициска програма за безбедност на НАТО.

Воениот буџет на НАТО е буџет за потребите на воениот персонал во седиштето на НАТО во Брисел, што во 2018 година изнесувал 1,3 милијарди долари.[6] Тој е финансиран од министерствата за одбрана на секоја земја-членка и е под надзор на Комитетот за воен буџет, а се спроведува од поединечните буџетски носители. Со средствата од овој буџет се покриваат оперативните трошоци за Воениот комитет, меѓународниот воен персонал, воените агенции, двете стратегиски команди и здружените команди, системите за контрола и информирање, агенциите за истражување и развој и Силите на НАТО за рано противдесантско предупредување и контрола.[7]

Цивилниот буџет на НАТО е буџет за потребите на администрацијата во седиштето на НАТО во Брисел, што во 2018 година изнесувал 245 милиони долари.[8] Со овој буџет се воспоставуваат врски помеѓу стратегиските цели на НАТО и ресурсите потребни за нивно исполнување. Освен што обезбедува средства за трошоците за персоналот, со овој буџет се покриваат и капиталните и програмските трошоци за постигнување на водечката цел на цивилниот буџет, а тоа е обезбедување на ефективна политика, планирање и ресурси во поддршка на операциите на НАТО во евроатлантскиот регион и пошироко. Цивилниот буџет се финансира од министерствата за надворешни работи, под надзор на Комитетот за цивилен буџет, а се имплементира од страна на Меѓународниот персонал на НАТО.[9]

Инвестициската програма за безбедност на НАТО ги користи своите средства за инвестиции во безбедносни системи на наднационално ниво, за кои во 2018 година максималниот износ е ограничен на 700 милиони долари.[10] Програмата се финансира од страна на министерствата за одбрана на сите земји-членки и е под надзор на Комитетот за инфраструктура. Програмата опфаќа воени инсталации, комуникациско-информативни системи, сателитски комуникации, воени штабови, аеродроми, цевководи и складишта на гориво, пристаништа и помошни средства за навигација.[11]

5 Funding NATO (2018), веб-страница на НАТО, линк: https://www.nato.int/cps/em/natohq/topics_67655.htm, посетено на 05.11.2018 година.
6 Funding NATO (2018), веб-страница на НАТО, линк: https://www.nato.int/cps/em/natohq/topics_67655.htm, посетено на 13.10.2018 година.
7 Прирачник за НАТО (2006), Public Diplomacy Division, стр. 67.
8 Funding NATO (2018), веб-страница на НАТО, линк: https://www.nato.int/cps/em/natohq/topics_67655.htm, посетено на 13.10.2018 година.
9 Прирачник за НАТО (2006), Public Diplomacy Division, стр. 65.
10 Funding NATO (2018), веб-страница на НАТО, линк: https://www.nato.int/cps/em/natohq/topics_67655.htm, посетено на 05.11.2018 година.
11 Прирачник за НАТО (2006), Public Diplomacy Division, стр. 66.

Овие три буџети заедно изнесуваат околу 2,2 милијарди долари, а се финансираат од страна на сите земји-членки според претходно договорени удели. Уделите се определуваат според формула што го зема предвид бруто националниот приход[12] како објективен параметар за фер распределба на трошоците. Според договорените удели што важат до крајот на 2019 година, најголем удел во финансирањето има САД со 22% од НАТО-буџетот, а најнизок Црна Гора со 0,02% (Табела 1). Албанија, која според својот бруто национален приход е споредлива со Македонија, во НАТО-буџетите придонесува со удел од 0,08%, што значи дека сличен износ би можеле да очекуваме да се определи и за Македонија кога би станала полноправна членка на НАТО. Овој процент одговара на околу 1,8 милиони долари дополнителни трошоци за Македонија на годишно ниво или околу 0,7% од актуелниот буџет за одбрана.

Табела 1: Удели на земјите-членки во НАТО-буџетите.

| Земја | Цивилен буџет<br>Воен буџет<br>Инвестициска програма за безбедност | Земја | Цивилен буџет<br>Воен буџет<br>Инвестициска програма за безбедност |
|---|---|---|---|
| Албанија | 0,0841 | Литванија | 0,2379 |
| Белгија | 1,9506 | Луксембург | 0,1569 |
| Бугарија | 0,3390 | Црна Гора | 0,0270 |
| Канада | 6,3763 | Холандија | 3,1985 |
| Хрватска | 0,2776 | Норвешка | 1,6472 |
| Чешка | 0,9788 | Полска | 2,7683 |
| Данска | 1,2157 | Португалија | 0,9725 |
| Естонија | 0,1157 | Романија | 1,1384 |
| Франција | 10,4986 | Словачка | 0,4784 |
| Германија | 14,7638 | Словенија | 0,2109 |
| Грција | 0,9801 | Шпанија | 5,5534 |
| Унгарија | 0,7041 | Турција | 4,3819 |
| Исланд | 0,0597 | Велика Британија | 10,4581 |
| Италија | 8,1400 | САД | 22,1387 |
| Летонија | 0,1478 | **Вкупно:** | **100%** |

Извор: НАТО Линк: https://www.nato.int/cps/em/natohq/topics_67655.htm

Овие пресметки и очекувања се потврдени и во исказите на Виктор Митевски, советник на министерот за финансии, кој вели: „Уделот што Македонија како потенцијална членка би го плаќала за НАТО-буџетите ќе изнесува нешто помеѓу уделот на Црна Гора (0,02%) и Албанија (0,08%), што во апсолутна вредност не би надминувало два милиона евра на годишно ниво, но точниот процент на уделот ќе се определи во текот на претпристапните преговори. Овие средства ќе се користат за финансирање на потребите на воениот и административниот персонал во седиштето на НАТО во Брисел, како и за потребите на Инвестициската програма за безбедност“.[13]

Друга НАТО-обврска што Македонија како членка ќе треба да ја почитува е правилото за трошење 20% од средствата на одбранбениот буџет на воена опрема. Според изјавата на Митевски, „за потребите на оваа цел, ќе се изготви посебен закон, бидејќи критериумите за избор на најдобриот економски оператор што се определени од страна на НАТО нема да бидат истите со критериумите наведени во новиот Закон за јавни набавки. Се очекува уште пред влезот во НАТО да се случат неколку поголеми набавки, на пример софтвер за јавната администрација што ќе ги задоволи критериумите на НАТО за кибербезбедност“.

12 “NATO Common Funds Burden-sharing: Background and current issues”, (2012), Congressional Research Service, стр. 7.
13 Спроведено интервју со советникот на министерот за финансии Виктор Митевски, 28.09.2018 година.

Индиректното финансирање на НАТО ги опфаќа националните буџети за одбрана на сите земји-членки што во 2017 година, според некои процени, заедно изнесуваат 921 милијарда долари.[14] Во 2014 година, земјите се согласија дека секоја членка годишно треба да остварува буџет за одбрана од 2% од својот бруто домашен производ, најдоцна до 2024 година.[15] Меѓутоа, треба да се напомене дека ова е повеќе насока отколку правило, т.е. не се предвидени никакви казни за неисполнување на договореното, иако сите земји стремат кон исполнување на овој таргет како израз на нивната политичка волја да бидат дел од Алијансата. Така, во 2017 година, од вкупно 29 земји-членки, само пет го исполниле овој таргет: САД (3,6% од БДП), Грција (2,3% од БДП), Естонија (2,1% од БДП), Велика Британија (2,1% од БДП) и Полска (2% од БДП).[16] Во 2018 година, дополнителни три земји го исполниле таргетот, и тоа – Литванија, Летонија и Романија.[17]

Во 2008 година (годината на Букурешкиот самит и грчкото вето) Македонија дури и го надмина овој таргет, кога за буџетот за одбрана беа наменети 2,17% од БДП.[18] Во годините што следеа по Букурешкиот самит, Македонија почна да одделува сè помалку средства за одбрана. Во 2016 година буџетот за одбрана изнесуваше околу 0,9% од БДП. Оваа година (2018) во Македонија може да се забележи повторна тенденција на пораст на буџетот за одбрана, и тоа за 13,45% во однос на 2017 година, што е околу 1,01% од БДП.[19] Доколку Македонија стане полноправна членка на НАТО, можеме да очекуваме постепено зголемување на националниот буџет за одбрана во текот на следните шест години (околу 0,2% од БДП годишно до 2024 година), за да тој повторно достигне 2% од БДП.

Буџетот за одбрана за 2018 година изнесува 6.500 милиони денари или околу 106 милиони евра.[20] Остварувањето на дополнителни 1% од БДП до 2024 година, што од перспектива на денешниот буџет и БДП изнесува околу дополнителни сто милиони евра се средства чиишто извори треба стратешки да се планираат.[21] Се поставува прашањето дали овие буџетски средства ќе произлезат од зголемени буџетски приходи, односно преку собирање на повеќе даноци од економијата и преку нови задолжувања на домашниот и на странскиот пазар на капитал или, пак, преку консолидација на расходната страна на буџетот, т.е. преструктуирање на буџетските трошења на што би претходела евалуација и на тековните и на капиталните трошоци. Треба да се наспомене дека таква евалуација би била неопходна за да се рационализираат расходите и да се оправда потенцијалниот премин кон зголемување на некој од даноците како мерка на приходната страна на буџетот.

Во однос на задолжувањето како една од опциите за обезбедување дополнителни средства, исчекувањето да станеме членка на НАТО може да придонесе за задолжување по пониски каматни стапки. Имено, ниската каматна стапка од 2,75% на еврообврзницата што Република Македонија ја издаде во јануари 2018 година се должи на високата побарувачка на инвеститорите што седум пати ја надминувала понудата како резултат на позитивните очекувања на инвеститорите за ЕУ и НАТО перспективите на земјата.[22] Меѓутоа, според проф. Марјан Петрески, колку и да е ниска каматната стапка на задолжувањето, предностите од евтиното задолжување ќе изостанат доколку добиените средства не се користат на адекватен начин и имаат стапка на принос од 0%.[23] Ова повторно укажува дека се потребни подобрувања во стратешкото планирање на јавните финансии. Во моментот,

14 How NATO is funded and who pays what (2017), CNN Money, линк: https://money.cnn.com/2017/03/20/news/nato-funding-explained/index.html, посетено на 14.10.2018 година.
15 Wales Summit Declaration, North Atlantic Alliance (5 September 2015). Written at Newport, Wales, точка 14.
16 How NATO is funded and who pays what (2017), CNN Money, линк: https://money.cnn.com/2017/03/20/news/nato-funding-explained/index.html, посетено на 14.10.2018 година.
17 Stoltenberg: Eight NATO countries to hit 2% defense pledge by end of year (2018), Estonia Public Broadcasting, линк: https://news.err.ee/845636/stoltenberg-eight-nato-countries-to-hit-2-defence-pledge-by-end-of-year, посетено на 13.10.2018 година.
18 Спроведено интервју со советникот на министерот за финансии Виктор Митевски, 28.09.2018 година.
19 Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2017-2018 година, стр. 32.
20 Буџет на Р.М. за 2018 (2018), Министерство за финансии, линк: https://www.finance.gov.mk/mk/node/4105, посетено на 27.10.2018 година.
21 Спроведено интервју со проф. Марјан Петрески, 25.10.2018 година.
22 Спроведено интервју со советникот на министерот за финансии Виктор Митевски, 28.09.2018 година.
23 „Дел од средствата добиени со еврообврзницата се користат за враќање на стари долгови, додека голем дел остануваат сè уште неискористени, т.е. иако за нив се плаќа камата, стапката на принос е 0%", спроведено интервју со проф. Марјан Петрески, 25.10.2018 година.

стратешките планови на Министерството за финансии се изготвуваат за само тригодишен период. Воведување на повеќегодишно планирање на буџетската големина и структура би го олеснило обезбедувањето на дополнителни средства за буџетот за одбрана на транспарентен и отчетен начин без притоа да се ризикува неадекватно зголемување на даноците, буџетскиот дефицит или јавниот долг.

Системот на јавни финансии треба да почива врз транспарентни процедури и правила со цел намалување на можноста за дискрециско носење политики.[24] Пред да се оптовари бизнисот или граѓаните со нови даноци или ново задолжување, мора да се обрне внимание како се трошат буџетските пари. Оваа опција треба да се преферира пред другите две, бидејќи водењето на одговорна буџетска политика, пред сè, значи идентификување и намалување на непродуктивните буџетски трошења, а дури потоа преземање други мерки, како воведување на дополнителни даноци или зголемување на јавниот долг.

24 „Владеење на правото и економијата: Случајот со ДДВ за физички лица во Р. Македонија“, (2018) Центар за економски анализи и Finance Think – Институт за економски истражувања и политики, стр. 2.

# Компаративна анализа на економски индикатори

Една од честоспоменуваните тези е дека влезот во НАТО придонесува за пораст на БДП, пораст на странските директни инвестиции, пад на невработеноста и развој на приватниот сектор. Според студија од 2016 година[25], што го мери „ефектот на НАТО", согласно податоците од неколку земји-членки,[26] влезот во Алијансата е проследен со многубројни краткорочни и долгорочни позитивни ефекти, како што се: зголемување на БДП од околу 1,5 пати, зголемување на странските директни инвестиции за приближно трипати, речиси трикратно намалување на невработеноста, зголемување на очекуваното траење на животот во просек за пет години и подобрување на регионалната интеграција.

Во ова поглавје се разгледуваат статистичките податоци[27] за поединечните економски индикатори (користејќи ја базата на податоци на Светската банка) во петгодишниот период[28] пред и по влезот во НАТО[29] на следните земји: Бугарија, Романија, Црна Гора, Албанија и Хрватска.

Како што може да се види од Графикон 1, во сите анализирани земји има пораст на бруто домашниот производ. Така, од анализираните земји, најголем пораст се забележува кај Романија, која го зголемила својот петгодишен просек[30] на бруто домашниот производ за 213%. Бугарија, пак, бележи процентуално зголемување на петгодишниот просек за 142%, Албанија за 52%, а потоа следува Хрватска со 34% зголемување. Бидејќи нема петгодишни податоци за Црна Гора, која влезе во Алијансата во 2017 година, споредувајќи ги годината пред и годината по влезот во НАТО може да се забележи процентуално зголемување на бруто домашниот производ од 9%. Како илустративен податок за растечката тенденцијата на БДП – просечното процентуално зголемување на петгодишниот просек на БДП по влезот во НАТО за овие пет земји изнесува 90% (Табела 2).

Табела 2: Домашен бруто-производ во милиони долари

| БДП | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година на влез во НАТО** | **2009** | **2004** | **2009** | **2017** | **2004** |
| Петгодишен просек на БДП пред влез во НАТО | 8.182.802.810,09 | 15.596.570.219,05 | 46.439.160.684,48 | 4.374.130.530,97 | 44.076.145.507,26 |
| Петгодишен просек на БДП по влез во НАТО | 12.412.634.235,27 | 37.709.065.243,71 | 62.390.937.723,10 | 4.774.086.094,21 | 137.797.150.558,57 |
| Процентуална разлика | 52% | 142% | 34% | 9% | 213% |
| **Просечен пораст на БДП** | **90%** | | | | |

Извор – Линк: https://data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.MKTP.CD?locations=AL-HR-BG-ME-RO, посетено на 14.10.2018 година, лични пресметки.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

25 The NATO Effect – On the Economic Trends of its New Member Countries and Potential Projection on Georgian Contex (2016), Economic NATO Research Paper No. 1, стр. 37.

26 Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Албанија и Словенија.

27 Фокусирајќи се на главното прашање на овој дел од истражувањето, т.е. дали може да се тврди дека влезот во НАТО е или не е причина за промените на анализираните економски индикатори, оваа анализа не нуди поединечно анализирање на сите можни фактори што придонеле за промените во овие земји по однос на горенаведените индикатори, што може да биде предмет на понатамошни опсежни квалитативни и квантитативни анализи.

28 Со исклучок на Црна Гора, која стана членка во 2017 година и за која се споредуваат годината пред и по влез во НАТО.

29 Бугарија и Романија станаа членки во НАТО во 2004 година, Хрватска и Албанија во 2009 година, а Црна Гора во 2017 година.

30 Процентуално зголемување на петгодишните просечни вредности на БДП пред и по влезот во НАТО – пресметано како разликата на просекот од петте години по влезот во НАТО и просекот од петте години пред влезот во НАТО поделено со петгодишниот просек пред влезот во НАТО.

Графикон 1: Промена на просечен БДП за петгодишен период




Извор – Линк: https://data.worldbank.org/indicator/NY.GDP.MKTP.CD?locations=AL-HR-BG-ME-RO

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Во однос на странските директни инвестиции, споредувајќи ги петгодишните просечни вредности пред и по влезот во НАТО во четири анализирани земји се забележува значителен пораст, додека во една земја се забележува пад (Графикон 2). Најголем пораст на странските директни инвестиции има во Романија, која во петте години по влезот во НАТО бележи процентуално зголемување на странските директни инвестиции од дури 667%, споредено со петгодишниот просек пред влезот во НАТО, по која следува Бугарија со зголемување од 569%. Во Црна Гора, пак, за една година по влезот во НАТО странските директни инвестиции пораснале за 147%, додека во Албанија за околу 100%. Наспроти тоа, Хрватска бележи намалување на просекот на странските директни инвестиции во петте години по влезот во НАТО, споредено со петте години пред влезот во НАТО од 47%. Земајќи ги предвид овие податоци може да се каже дека странските директни инвестиции во анализираните земји во просек пораснале за 292%[31] (Табела 3).

Табела 3: Странски директни инвестиции

| СДИ | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на влез во НАТО | 2009 | 2004 | 2009 | 2017 | 2004 |
| Петгодишен просек на СДИ пред влез во НАТО | 566.847.396 | 1.126.936.538 | 3.228.332.680 | 226.666.592 | 1.244600.000 |
| Петгодишен просек на СДИ по влез во НАТО | 1.130.988.544 | 7.843.428.248 | 1.688.586.686 | 560.290.272 | 9.543.835.213 |
| Процентуална разлика | 100% | 596% | -48% | 147% | 667% |
| Просечен пораст на СДИ | 292% | | | | |

Извор – Линк: https://data.worldbank.org/indicator/BX.KLT.DINV.CD.WD?end=2017&locations=ME-AL-BG-HR-RO&start=2003, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

31 Притоа, не може да се очекува истото да се случи по автоматизам и во Македонија по евентуалниот влез во НАТО, затоа што подобрувањата во економијата зависат од многу различни фактори.

Графикон 2: Промена на просечен СДИ за петгодишен период




Извор – Линк: https://data.worldbank.org/indicator/BX.KLT.DINV.CD.WD?end=2017&locations=ME-AL-BG-HR-RO&start=2003, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Преку зголемување на политичката стабилност, владеењето на правото и зголемувањето на квалитетот и кредибилитетот на институциите што подразбира носење на економски политики на инклузивен начин и спроведување на законите поврзани со бизнисот, интегрирањето во НАТО се очекува да донесе сигурност во инвестициите и пораст на бројот на бизнисите, а со тоа и намалување на невработеноста, што е еден од најголемите проблеми во македонската економија. Согласно податоците, во анализираните земји може да се забележи и пад на стапката на невработеност како процент од вкупната работна сила, со исклучок на Хрватска (Графикон 3).

Графикон 3: Промена на стапка на невработеност за петгодишен период




Извор – Линк: https://data.worldbank.org/indicator/SL.UEM.TOTL.ZS?locations=ME-AL-BG-HR-RO, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Најголем пад на стапката на невработеност се забележува во Бугарија, каде што просечната стапка на невработеност во петте години по влезот во НАТО е за 7,7 процентни поени пониска. Во Црна Гора за една година стапката на невработеност е намалена за 1,63 процентни поени, во Албанија за 1,57 процентни поени, а во Романија за 0,09 процентни поени. Во Хрватска, по влезот во НАТО се бележи зголемување на стапката на невработеност од просечни 11,17% во петте години пред влезот на просечни 13,54% во петте години по влезот во НАТО, што претставува зголемување на стапката на невработеност од 2,37 процентни поени. За сите пет анализирани земји, петгодишниот просек на стапката на невработеност се намалил за 1,73 процентни поени (Табела 4).

Табела 4: Стапка на невработеност

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на влез во НАТО | 2009 | 2004 | 2009 | 2017 | 2004 |
| Петгодишен просек на стапка на невработеност пред влез во НАТО (%) | 15,77 | 16,42 | 11,17 | 17,70 | 6,97 |
| Петгодишен просек стапка на невработеност по влез во НАТО (%) | 14,20 | 8,71 | 13,54 | 16,07 | 6,87 |
| Разлика (процентни поени) | -1,57 | -7,70 | 2,37 | -1,63 | -0,09 |
| **Просечено намалување на стапка на невработеност (п.п.)** | **-1,73** | | | | |

Извор – Линк: https://data.worldbank.org/indicator/SL.UEM.TOTL.ZS?locations=ME-AL-BG-HR-RO, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Глобалниот индекс на конкурентност што секоја година се изготвува од страна на Светскиот економски форум претставува комплексен индекс што содржи околу 110 варијабли поврзани со институциите на земјите, инфраструктурата, макроекономската стабилност, степенот на основно и високо образование, ефикасноста на пазарите на добра, услуги, капитал и труд, степенот на технолошка развиеност, големината на пазарот, производствените капацитети и процеси и иновативност. Во сите земји може да се забележи зголемување на вредноста на оцената на нивните индекси на конкурентност по истекот на петте години по влезот во НАТО, и тоа: 6,48% во Романија, 3,23% во Албанија, 2,48% во Хрватска, 2,47% во Црна Гора и 1,01% во Бугарија (Графикон 4). Просечното зголемување на вредноста на оцената на индексот за сите земји е 3,13%.

Графикон 4: Глобален индекс на конкурентност




Извор – Извештаи за индекс на глобална конкурентност од 2008 до 2017 година.

Меѓутоа, иако овие статистички податоци (особено во делот на БДП и СДИ) се исклучиво позитивни, не треба да се избрзува со нивната интерпретација. Според литванскиот политички аналитичар Вилписаускас[32], мерењето на „НАТО-ефектот“ е тешко, бидејќи многу варијабли можат да играат улога во зголемувањето на економската активност во земјите, покрај фактот што тие станале членки на НАТО, иако и неговите истражувања покажуваат корелација помеѓу влезот во НАТО и повисоките нивоа на странски директни инвестиции во балтичките земји, а со тоа и повисок економски раст. Аналитичарите не смеат да направат изедначување помеѓу она што значи корелација на двете појави и каузалност меѓу членството во НАТО и подобрувања во економските индикатори на земјите. Потребна е внимателност при носењето на овие заклучоци, бидејќи повеќето земји што влегле во НАТО воедно поминале низ период на транзиција од централнопланирани во пазарни економии и низа долгорочни структурни економски реформи. Освен тоа, многу од земјите се истовремено членки на Европската Унија и тешко е да се разграничи дали и до кој степен, подобрувањето на економските индикатори се должи на членството во НАТО или на низа други фактори што придонесуваат за подобрувања во економијата, како членството во Европската Унија.

32 Vilpisauskas, R. (2000), "Baltic States Memberships in the WEU and NATO: Links, Problems and Perspectives", Final Report.

# Доброто владеење и економскиот раст

Иако примарниот мотив за членство во НАТО е од одбранбен и политички карактер, сепак постојат и важни економски аспекти што произлегуваат од влезот во Алијансата. Често споменувана теза е дека членството во НАТО придонесува кон зајакнување на доброто владеење, а со тоа влијае и на економските перформанси на земјата. Основата за доброто владеење од аспект на економската стабилност и соработка на земјите-членки на НАТО произлегува од член 2 од Северноатлатскиот договор.[33]

Доброто владеење има силно влијание врз економијата, бидејќи бизнисите директно зависат од владеењето на правото. Според Миле Бошков, претседател на Бизнис конфедерацијата на Македонија, регулативата треба да биде еднаква за сите и да биде остварлива за сите, а контролата да биде јасна и објективна.[34] Според проф. Петрески, пак, странските инвеститори нема да дојдат и бројот на нови домашни бизниси нема да се зголеми само затоа што сме влегле во НАТО, туку затоа што тој влез во НАТО значи реформи и посветеност на Владата за подобрување на квалитетот и кредибилитетот на институциите, а со тоа и зголемување на извесноста и предвидливоста во бизнисот.[35]

Светската банка пресметува и објавува индикатори за добро владеење што опфаќаат шест широки димензии на добро владеење: слобода и отчетност, политичка стабилност и отсуство на насилство/тероризам, ефективност на владата, квалитетот на регулативите, контрола на корупцијата и владеење на правото. Индикаторите за добро владеење се збир на податоци што ги сумираат ставовите за квалитетот на владеењето/управувањето, а се обезбедени од голем број анкетирани претпријатија, граѓани и експерти во развиените земји и земјите во развој. Овие податоци се собрани од страна на голем број истражувачки институти, тинк-тенкови, невладини организации, меѓународни организации и компании од приватниот сектор.[36] Подолу во текстот е анализиран трендот на рангирањето (од 0 како најниска до 100 како највисока оцена) за Албанија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора, Романија и Македонија, согласно индикаторите на Светската банка за добро владеење во периодот од пет години пред и по влезот во НАТО.

Индикаторот за слобода и отчетност ги одразува перцепциите за степенот до кој граѓаните на земјата можат да учествуваат во изборот на нивната влада, како и слободата на изразување, слободата на здружување и слободните медиуми. Споредувајќи ги вредностите на индикаторот за горенаведените земји пет години пред и пет години по влез во НАТО, можеме да заклучиме дека, во просек, тие бележат подобрување од 1,21 места на рангот (Табела 5). Најголемо подобрување на слободата и отчетноста има во Романија, каде што од влезот во НАТО до денес, земјата според овој индикатор се рангира за 6,8 места повисоко. Вредноста на Македонија за овој индикатор во 2017 година е пониска од просекот на анализираните за земји за дури 16,55 места (Табела 11).

33 Северноатлантски договор (2018), веб-страница на НАТО, линк: http://nato.mk/wp-content/uploads/2018/05/6.-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%BE%D0%B0%D1%82%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80.pdf, посетено на 05.11.2018 година.

34 Спроведено интервју со Миле Бошков, претседател на Бизнис конфедерација на Македонија, 19.10.2018.

35 Спроведено интервју со проф. Марјан Петрески, 25.10.2018.

36 Kraay, A.; Kaufmann, D.; Mastruzzi, M. (Sept 2010), "The Worldwide Governance Indicators: A Summary of Methodology, Data and Analytical Issues", World Bank Policy Research Working Paper No. 5430.

Табела 5: Индикатор за слобода и отчетност

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на влез во НАТО | 2009 | 2004 | 2009 | 2017 | 2004 |
| 5 год. пред влез во НАТО | 50,96 | 63,56 | 63,37 | 49,26 | 60,70 |
| 5 год. по влез во НАТО | 52,41 | 66,54 | 63,24 | 50,25 | 61,44 |
| Разлика | 1,45 | 2,98 | -0,13 | 0,99 | 0,75 |
| Просек | 1,21 | | | | |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Графикон 5: Разлика во петгодишен просек за индикаторот за слобода и отчетност




Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Индикаторот за **политичката стабилност** и отсуството на насилство/тероризам ги мери перцепциите за веројатноста за политичка нестабилност и/или политички мотивирано насилство, вклучувајќи го и тероризмот. Споредувајќи ги вредностите на индикаторот за горенаведените земји пет години пред и пет години по влез во НАТО, можеме да заклучиме дека, во просек, тие бележат влошување на состојбите за 2,83 места на рангот (Табела 6). Најголемо влошување на политичката стабилност има во Црна Гора, и тоа за 10,95[37] места на рангот, а најголемо подобрување има во Албанија, каде што од влезот во НАТО до денес, земјата ја подобрила политичката стабилност за 18,64 места во рангот. Вредноста на Македонија за овој индикатор во 2017 година е пониска од просекот на анализираните за земји за дури 20,48 места (Табела 11).

37 Овој податок се однесува само за период од една година (2016 до 2017 година), кога во Црна Гора опозицијата протестираше против влезот во НАТО.

Табела 6: Индикатор за политичка стабилност

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година на влез во НАТО** | **2009** | **2004** | **2009** | **2017** | **2004** |
| 5 год. пред влез во НАТО | 34,12 | 60,54 | 65,28 | 55,71 | 54,48 |
| 5 год. по влез во НАТО | 41,52 | 53,28 | 67,01 | 44,76 | 49,42 |
| Разлика | 7,39 | -7,27 | 1,74 | -10,95 | -5,06 |
| **Просек** | **-2,83** | | | | |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Графикон 6: Разлика во петгодишен просек за индикаторот за политичка стабилност




Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Индикаторот за **ефективност на владата** ги рефлектира перцепциите за квалитетот на јавните услуги, квалитетот на државната служба и степенот на нејзината независност од политичките притисоци, квалитетот на формулирањето и спроведувањето на политиките, како и кредибилитетот и посветеноста на владата на тие политики. Вредностите на индикаторот за горенаведените земји за петте години по влезот во НАТО бележат зголемување од 5,42 места на рангот во споредба со петте години пред влезот во НАТО (Табела 7). Најголемо подобрување на ефективноста на владата има во Албанија (11,59 места од 2009 година до денес) додека вредноста на Македонија за овој индикатор во 2017 година е пониска од просекот на анализираните земји[38] за само 1,25 места (Табела 11).

Табела 7: Индикатор за ефективност на влада

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година на влез во НАТО** | **2009** | **2004** | **2009** | **2017** | **2004** |
| 5 год. пред влез во НАТО | 39,15 | 58,30 | 69,23 | 58,17 | 42,77 |
| 5 год. по влез во НАТО | 46,43 | 57,15 | 70,98 | 58,65 | 46,78 |
| Разлика | 7,28 | -1,15 | 1,74 | 0,48 | 4,01 |
| **Просек** | **2,47** | | | | |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.

* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

38 Се анализира просекот на вредностите на секој од индикаторите на сите анализирани земји, затоа што Македонија се споредува со целиот регион, а не со секоја земја поединечно (поединечните споредби можат да се видат од Табела 11).

Графикон 7: Разлика во петгодишен просек за индикаторот за ефективност на влада




Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Индикаторот за **квалитет на регулативата** ги рефлектира перцепциите за способноста на владата да формулира и да имплементира цврсти политики и прописи што дозволуваат и промовираат развој на приватниот сектор. Споредувајќи ги вредностите на индикаторот за горенаведените земји пет години пред и пет години по влез во НАТО, можеме да заклучиме дека, во просек, тие бележат подобрување од 5,42 места на рангот (Табела 8). Најголемо подобрување на квалитетот на регулативите има во Романија, каде што од влезот во НАТО до денес, земјата се рангира за 16,11 места повисоко. Вредноста на Македонија за овој индикатор во 2017 година е повисока од просекот на анализираните за земји за 3,46 места (Табела 11).

Табела 8: Индикатор за квалитет на регулатива

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година на влез во НАТО** | **2009** | **2004** | **2009** | **2017** | **2004** |
| 5 год. пред влез во НАТО | 51,01 | 63,81 | 65,89 | 62,50 | 55,14 |
| 5 год. по влез во НАТО | 57.76 | 70,67 | 68,32 | 64,90 | 63,81 |
| Разлика | 6,75 | 6,86 | 2,43 | 2,40 | 8,67 |
| **Просек** | **5,42** | | | | |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Графикон 8: Разлика во петгодишен просек за индикаторот за квалитет на регулатива




Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Индикаторот за **контрола на корупцијата** ги рефлектира перцепциите за степенот до кој позициите на власт придонесуваат за приватна корист, вклучувајќи и ситни и големи форми на корупција, како и „заробување“ на државата од страна на елити и приватни интереси. Вредностите на индикаторот за горенаведените земји за петте години по влезот во НАТО бележат зголемување од 3,63 места на рангот во споредба со петте години пред влезот во НАТО (Табела 9). Најголемо подобрување на контрола на корупцијата има во Романија (11,85 места од 2004 година до денес), додека вредноста на Македонија за овој индикатор во 2017 година е пониска од просекот на анализираните за земји за 7,6 места (Табела 11).

Табела 9: Индикатор за контрола на корупција

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на влез во НАТО | 2009 | 2004 | 2009 | 2017 | 2004 |
| 5 год. пред влез во НАТО | 27,06 | 53,86 | 59,59 | 54,33 | 37,96 |
| 5 год. по влез во НАТО | 30,53 | 54,83 | 59,88 | 54,33 | 51,41 |
| Разлика | 3,47 | 0,97 | 0,29 | 0,00 | 13,45 |
| Просек | 3,63 | | | | |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година. За овој индикатор Црна Гора не бележи подобрување.

Графикон 9: Разлика во петгодишен просек за индикаторот за контрола на корупција




Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Индикаторот за **владеење на правото** ги рефлектира перцепциите за степенот до кој агентите (граѓаните, институциите, приватните и јавните ентитети, вклучувајќи ја и државата) имаат доверба и се придржуваат кон правилата на општеството, а особено квалитетот на извршувањето на договорите, имотните права, полицијата и судовите, како и веројатноста за криминал и насилство. Споредувајќи ги вредностите на индикаторот за горенаведените земји пет години пред и пет години по влез во НАТО можеме да заклучиме дека, во просек, тие бележат подобрување од 4,16 места на рангот (Табела 10). Најголемо подобрување на владеењето на правото има во Романија, каде што од влезот во НАТО до денес, земјата се рангира според овој индикатор за 16,91 места повисоко. Вредноста на Македонија за овој индикатор во 2017 година е пониска од просекот на анализираните за земји за 7,88 места (Табела 11).

Табела 10: Индикатор за владеење на право

| Земја | Албанија | Бугарија | Хрватска | Црна Гора* | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Година на влез во НАТО | 2009 | 2004 | 2009 | 2017 | 2004 |
| 5 год. пред влез во НАТО | 30,27 | 48,50 | 56,51 | 53,85 | 46,40 |
| 5 год. по влез во НАТО | 39,96 | 51,25 | 60,89 | 53,85 | 50,39 |
| Разлика | 9,69 | 2,74 | 4,37 | 0,00 | 3,98 |
| Просек | 4,16 | | | | |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Графикон 10: Разлика во петгодишен просек за индикаторот за владеење на право




Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Од горенаведените податоци е јасно дека Македонија котира под просекот на сите индикатори за добро владеење, споредено со анализираните земји-членки на НАТО, освен за индикаторот за квалитет на регулатива, што јасно укажува дека земјата веќе работи на реформите, но треба да работи уште позасилено. Меѓутоа, не може да се тврди дека НАТО е клучен фактор во подобрувањата во доброто владеење на овие земји. Сепак, НАТО го препознава доброто владеење како еден од водечките принципи во самиот Северноатлантски договор и иако земјите што стануваат членки веќе имаат одредено посакувано ниво на добро владеење, тоа е процес на кој членките остануваат посветени и по влезот во Алијансата. Така, на Варшавскиот самит во јуни 2016 година, шефовите на државите и владите на земјите-членки се согласија дека корупцијата и отсуството на доброто владеење се безбедносни предизвици што ја подриваат демократијата, владеењето на правото и економскиот развој, ја еродираат довербата на јавноста и имаат негативно влијание на оперативната ефективност.[39]

Табела 11: Вредност на индикатори за добро владеење за 2017 година по земји и разлика меѓу рангирањето на Македонија и просекот на анализираните земји

| Земја | Слобода и отчетност | Политичка стабилност | Ефективност на влада | Квалитет на регулатива | Контрола на корупција | Владеење на право |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 54,19 | 61,90 | 55,77 | 62,02 | 42,31 | 39,42 |
| Бугарија | 59,11 | 60,48 | 63,94 | 72,60 | 50,96 | 51,92 |
| Хрватска | 64,04 | 71,90 | 72,60 | 68,75 | 61,06 | 63,46 |
| Црна Гора* | 50,25 | 44,76 | 58,65 | 64,90 | 54,33 | 53,85 |
| Романија | 64,53 | 49,05 | 46,15 | 70,19 | 55,29 | 63,94 |
| Македонија | 41,87 | 37,14 | 58,17 | 71,15 | 45,19 | 46,63 |
| Просек | 58,42 | 57,62 | 59,42 | 67,69 | 52,79 | 54,52 |
| **Разлика** | **16,55** | **20,48** | **1,25** | **-3,46** | **7,60** | **7,88** |

Извор – Линк: https://datacatalog.worldbank.org/dataset/worldwide-governance-indicators, посетено на 30.10.2018 година.
* Податоците за Црна Гора се за едногодишен период, бидејќи земјата влезе во НАТО во 2017 година.

Меѓутоа, дури и доколку се прифати претпоставката дека земјите во НАТО имаат повисоки нивоа на добро владеење, економската литература нуди поделени ставови околу тоа дали доброто владеење придонесува за повисоки нивоа на економски пораст и развој. Така, според студијата на американските

39 Building integrity – Integrity, Transparency and Accountability in the Defense and Security Related Sector, 2017, NATO Reference Curriculum.

економисти Даниел Кауфман и Арт Креј,[40] постои силна корелација помеѓу доброто владеење и приходот по глава на жител. Според нив, пред само 200 години, приходот по глава на жител не се разликувал премногу од земја до земја и дека големите разлики во приходот по глава на жител што постојат денес го рефлектираат фактот дека економиите на некои земји пораснале значително повеќе од други земји и дека тие разлики во економскиот пораст на многу долг рок се директна последица на длабоките историски разлики во институционалниот квалитет. Друга студија[41] ги отфрла тврдењата на Кауфман и Креј, со тоа што, анализирајќи ги индикаторите за добро владеење на Светската банка врз база на примерок од 45 земји во развој, не успева да пронајде корелација помеѓу доброто владеење и економскиот пораст. Меѓутоа, како исклучок од ова тврдење, и оваа студија покажува емпириски докази дека политичката стабилност е еден од главните фактори за економски пораст во земјите во развој.

Во насока на горенаведеното, студија[42] што го мери влијанието на доброто владеење врз економскиот развој во земјите од западниот Балкан за периодот од 1996-2012 година, исто така презентира слаба зависност меѓу двете појави. Иако и во оваа студија не се заклучува сигнификантност, сепак повторно се издвојува политичката стабилност, но и владеењето на правото, како фактори што влијаат на економскиот пораст. Статистичките анализи покажуваат дека другите индикатори можат да имаат поголемо влијание на долг рок отколку на краток (од 10 до 12 години), односно позитивните ефекти од доброто владеење да изостануваат во сегашноста, но да се манифестираат во иднината. Друга студија[43] го потврдува горенаведеното, тврдејќи дека постои корелација помеѓу политичката стабилност и економскиот пораст, но и дека доброто владеење преку слободните медиуми влијае на ограничување на корупцијата, што, пак, овозможува технолошки напредок, а со тоа и економски пораст. Понатаму, студијата сугерира дека доброто владеење е клучна детерминанта на порастот под услов да подразбира квалитетни институции.

40 Kaufmann, D.; Kraay, A. (2003), "Governance and Growth: Causality which way?"
41 Mira, R.; Hammadache, A. (2017), "Relationship between good governance and economic growth", CEPN, No. 7234.
42 Perre, E. (June 2015), "The impact of good governance in the economic development of Western Balkan countries", European Journal of Government and Economics Volume 4, Number 1 ISSN: 2254-7088.
43 Abdellatif, A. M. (2003), "Good Governance and Its Relationship to Democracy and Economic Development", UNDP.

# Заклучок

Доколку Македонија стане членка на НАТО ќе треба да го зголеми буџетот за одбрана на 2% од БДП до 2024 година, што изнесува околу дополнителни сто милиони евра. Притоа, вакво зголемување би се постигнало постепено во периодот од следните шест фискални години. Обезбедувањето на дополнителните средства подразбираат промена во големината и структурата на буџетот (или и двете), што треба да биде направено на транспарентен и отчетен начин. Имајќи предвид дека фискалното планирање во Македонија честопати поставува непрецизни проекции и недостигаат редовни евалуации, треба да се размислува во насока на унапредување на процесите на фискално планирање преку воведување на повеќегодишно фискално планирање.

Во делот на економските перформанси, за анализираните земји (Албанија, Бугарија, Хрватска, Црна Гора и Романија) бруто домашниот производ бележи просечно процентуално зголемување за 90%, споредувајќи го петгодишниот период по влезот во НАТО со петгодишниот период пред влезот во НАТО. Во однос на странските директни инвестиции, просечното процентуално зголемување во овие земји изнесува дури 292%. Меѓутоа, не може да се тврди дека овие позитивни промени се директна последица на влезот во НАТО, бидејќи истовремено земјите поминуваат и низ интегративните процеси во Европската Унија и други засилени процеси на структурни реформи. Сепак, постоењето корелација помеѓу овие позитивни промени и членството во НАТО се охрабрувачки за една потенцијална земја-членка како Македонија.

Често споменувана теза е дека членството во НАТО може да придонесе за зголемување на економскиот раст преку поддршка на доброто владеење. Во оваа анализа беа испитани две тези: дали членството во НАТО навистина придонесува за подобрувања во доброто владеење и дали доброто владеење може позитивно да влијае економскиот пораст? Според промените на индикаторите за добро владеење на Светската банка и постојната економска литература, одговорот на двете прашања е дека на долг рок доброто владеење се зголемува во земјите-членки и дека тоа позитивно влијае врз економијата.

# Користена литература


1. Markovic, N.; Nikolov, M. (2017), "Aspects of the Name Dispute Between Macedonia and Greece: Symbols, Conflict and Economic Costs", CEA Journal of Economics, Vol. 2.
2. "NATO Common Funds Burden-sharing: Background and current issues" (2012), Congressional Research Service.
3. "The NATO Effect – On the Economic Trends of its New Member Countries and Potential Projection on Georgian Contex" (2016), Economic NATO Research Paper No. 1.
4. Vilpisauskas, R. (2000), "Baltic States Memberships in the WEU and NATO: Links, Problems and Perspectives", Final Report.
5. Kraay, A.; Kaufmann, D.; Mastruzzi, M. (Sept 2010), "The Worldwide Governance Indicators: A Summary of Methodology, Data and Analytical Issues", World Bank Policy Research Working Paper No. 5430.
6. "Building integrity – Integrity, Transparency and Accountability in the Defense and Security Related Sector", 2017, NATO Reference Curriculum.
7. Kaufmann, D.; Kraay, A. (2003), "Governance and Growth: Causality which way?"
8. Mira, R.; Hammadache, A. (2017), "Relationship between good governance and economic growth", CEPN, No. 7234.
9. Perre, E. (June 2015), "The impact of good governance in the economic development of Western Balkan countries", European Journal of Government and Economics Volume 4, Number 1 ISSN: 2254-7088.
10. Abdellatif, A. M. (2003), "Good Governance and Its Relationship to Democracy and Economic Development", UNDP.
11. Global Competitiveness Index Reports 2008-2017.
12. Владеење на правото и економијата: Случајот со ДДВ за физички лица во Р. Македонија, (2018) Центар за економски анализи и Finance Think –Институт за економски истражувања и политики.
13. Одлука на Собрание за стапување на Македонија во членство на НАТО, 23.12.1993.
14. Прирачник за НАТО (2006), Public Diplomacy Division.
15. Привремена спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција, 1995.
16. Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2017-2018 година.
17. Wales Summit Declaration, North Atlantic Alliance (5 September 2015). Written at Newport, Wales.
18. Буџет на РМ, 2018.
19. Funding NATO, www.nato.int
20. Северноатлантски договор, www.nato.mk
21. How NATO is funded and who pays what, money.cnn.com
22. Буџет на Р.М. за 2018 година, www.finance.gov.mk
23. NATO formally invites Macedonia to join Alliance, www.reuters.com